**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

**ПО**

# *ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ*

***ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ***

**II ГОДИНА**
**СПОРТСКА ГИМНАЗИЈА**

**Скопје, Април,2006 година,**

## *1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОГРАМАТА*

*1.1.Назив на наставниот предмет; ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ;*

*1.2.Намена; За ввтора година за учениците во спортска гимназија;*

*1.3.Вид на насатвата ; Модуларно-Теоретско-практична;*

***1.4. Година (фаза) на изучување : II година;***

***1.5. Број на часови на наставниот предмет:*** *неделен фонд 2 часа; Годишен фонд 72 часа;*

***1.6 Статус на наставниот предмет:*** *Изборен наставен предмет ;*

## *2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ*

**2.1**.Цел на наставниот предметот Основи на менаџмент за **II** година во спортската гимназија е учениците да се запознаат со теоретски и практични знаења од општата и посебната организација на деноста на спортот, спортските организации и федерации во функција на проширување и продлабочување на знаењата и способностите, насочување и збогатување на знаењата за поуспешна подготовка и изведба на матирската проектна задача и матурскиот испит.

***2.2. Конкретните цели на наставата по Основи на менаџмент***
***Ученикот треба;***

- да се запознае со теоретските основи на менаџментот во кинезиологијата;
- да се запознае со структурата на менаџментот во спортот;
- да знае да планира и програмира;
- да детерминира и дефинира цели на организација во спортот;
- да организира несметана дејност на спортски клуб, друштво, унија, федерација или манифестација;
- да користи ресурси за оптимална функција на спортот;
- да раководи со соработници во остварување на цели и програми;
- да умее да следи реализација на цели и програми;
- да умее да вреднува реализирани проекти, програми и реализирани цели;
- да знае да планира финансии за одвивање на програмските активности;
- да умее да мотивира и организира реализација на спортски програми;

## 3. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 3.1. Содржини со конкретни цели

| **Тематски целини и содржини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели**<br>*Ученикот:* | **Дидактички насоки** | **Корелација** |
|---|---|---|---|---|
| **3.1.1. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТОТ ВО КИНЕЗИОЛОГИЈАТА;** | 3 | - да се запознае со дефиницијата на менаџментот во кинезиоло – гијата и спортот,со финкцијата, нивоата и улогата | - Посета на спортска организација | Со сите модули во Кинезиолог ијата и спортот |
| **3.1.2. НОРМАТИВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОСНОВИТЕ НА МЕНАЏМЕНТ;** | 8 | - да го научи нормативното регулирање на дејноста и функцијата на организациите на спортот;<br><br>- да се запознае со законските акти и подакти за спортот; | - работилници;<br><br>- анализирање на одредени акти и непос- редна посета на спорт- ски организации и федерации; | „ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.1.3. МЕНАЏМЕНТ НА СПОРТСКИ КЛУБ И ДРУШТВО** | 15 | - да се запознае и научи за структурата на спортските основни организации спортски клуб и друштво ;<br>- функцијата на одделните структурни елементи; | - Графички приказ на структурата на спортскиот клуб и друштво; | “ |
| **3.1.4. МЕНАЏМЕНТ НА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА** | 10 | - да научи за целта на формирањето, функциите и програмските насоки | Работилница;<br>Практична изведба на планирања и програмирања; | Спортски меначмент и претприемаштво; |
| **3.1.5. МЕНАЏМЕНТ НА НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИИ** | **18** | -да се запознае ид а ги научи постапките за организирање на манифестации и натпревари<br>-да се запознае со системите на натпревари;<br>-да ја научи структурата на менаџментот на натпреварите и улогата на натпреварите;<br>- да ги знае задачите на одделните тела и комисии на организационите одбори за спроведување на натпревари и манифестации; | -Работилници: непосредно ангажирање на учениците во организација на натпревари во училиштето;<br>-Посета на спортска организација која организира натпревар или манифестација; | Со подрачјата на кинезиологијата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***3.1.6.*****ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ** | 18 | -да научи за видовите на планирање и програмирање(на општата дејност во спортот 9 на спортската-тренажната);<br>-да научи за развојните планови на спортските организации;<br>-да научи за развојните тренажни циклуси-миниолимписки и годишни;<br><br>-да научи за годишно, месечно и дневно планирање и подготовка на тренажен процесс;<br>-да научи да подготвува проект за натпревар; | Работилници на кои ќе се подготвуваат сите видови на планови и програми, проекти за натпревари со финансиска конструкција; | Со сите спортови и подрачја на кинезиологијата |

## 4.6.Наставни методи и активности на учење

Учениците кои сакаат да го прошират и продлабочат своето знаење од спортот како составен дел од обласста кинезиологија  со цел да може да се вклучи во процесите на спортот и спортските активности без некои посебни потешкотии, треба да ја совлада содржината на овој наставен предмет. Совладувањето се одвива со непосредни теоретски предавања иниз работилници и пректично согледување на организационата поставеност и функција на спортските организации.

Во таа насока ќе се користат: методот на индивидуализација, методот на демонстрација, метод на колективно решавање на определени задачи,фронталниот метод, посебно воведувањето и користењето на работилниците како посебна постапка во индивидуализацијата. Ученикот се вклучува во наставен процес како субјект - зголемена и насочена индивидуализација.Тоа е сериозна обврска за наставникот кој треба перманентно да го применува методот на следење и постапно воведување на ученикот како активен субјект во наставата.

## 4.7. Организација и реализација на наставата по предметот

Наставата по основи на менаџмент ќе се изведува во текот на неделата со два часа неделен фонд како перманентна активност за остварување на поставените цели. Наставникот треба да обрне внимание на подготовките за организирање на работилници, посетата на спортските организации(основни и федерации) како и изработката на планови,програм ии проекти. Наставникот ќе организира презентација на реализираните работилници-постигањата на ученикот.

## 4.8. НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА

### 4.8.1. *Наставни средства и учебници*

Врз основа на Проектот и Концепцијата за развој и реализација на спортската гимназија како посебен модел, потребата од учебни и други помагала е неминовно потребно. На тој план училиштето и Бирото ќе треба да дадат посебен прилог кон обезбедувањето на потребната литературе.

### *4.8.2..Дополнителна литература за наставници*

Наставниот предмет основи на менаџмент наметнува потреба и од користење на адекватна литература од страна на наставникот. Во прашање е користење на поширока кинезиолошка и спортска литературе како и педагошо-психолошк-соцолоолошка литература поврзана со кинезиологијата и местото и улогата на спортот во општеството. Потребен е посебен методски прирачник за наставниците во кој ќе бидат набележаби основите на по спортски менаџмент според оваа програма.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Наставата по основи на менаџмент ќе се изведува со современи методски постапки каде наставникот постигањата на учениците ќе ги следи и евидентира. Посебно индивидуалните постигања. На тие основи наставникот бројчано ќе ги оценува.

Наставникот постигањата на ученикот ги евидентира во посебен *Дневник за следење и вреднување на постигањата на ученичите, а учениците водат свое портфолио.*

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Програмата и наставата по основи на менаџмент како изборен предмет во втора година во спортската гимназија може да се реализира со адекватна и нужна образовна технологија која бара поголеми стручни познавања од страна на наставниците. Наставникот е обврзан со поставените цели прилично да го познава менаџментот како современ феномен во дејноста на спортот.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на Факултет за Физичка Култура, Факултет за спорт(физичка култура) – профессор по физичко И здравствено образование.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: Мај. 2006 година

### 7.2. Состав на работната група:

| име и презиме, | професија, | институција, | место, | Функција, |
|---|---|---|---|---|
| д-р Насе Кондовски, | кинезиолог-Советник, | БРО | Скопје, | Координатор, |
| д-р Ангел Џамбазовски, | Проф.- кинезиолог | ФФК | “ | Член, |
| Алиу Мустафа | Советник | БРО | Гостивар | „ |
| Димче Манчевски, | Директор | УСО”ММ-Брицо” | “ | “ |
| Стево Атанасов | Професор | УСО”ММ-Брицо” | “ | “ |

### 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: Септември , 2006 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по Спорт и спортски активности ја одобри Министерот за образование и наука со Решение бр.07-3851/13 од 29.06.2009 година.